**Проф. д-р Верица Стаменкова Трајкова**
Универзитет„ Св. Кирил и Методиј“ - Скопје Филозофски факултет
Институт за социјална работа и социјална политика „Мајка Тереза“

## СУПЕРВИЗИЈА НА СТУДЕНТИТЕ НА ПРАКСА

UDK:005.584:378.091.212

### Резиме

Искуственото учење во текот на додипломските студии, кое се реализира низ студентската пракса, иако има клучна улога во нивното образование, сè уште не го добило своето право место и улога во подготовката на студентите за нивната професија. Причините за тоа се повеќестрани. Прво, факултетите се соочуваат со проблемот да пронајдат соодветни институции за пракса на нивните студенти.Второ, институциите се соочуваат со недоволен простор да примат поголем број студенти и недоволен број вработени што ги ограничува нивните можности да им обезбедат ментори на студентите.Трето, во институциите нема обучен кадар за водење и супервизирање на студентите во текот на нивната пракса. Најголем број од менторите се нашле во улога на инструктори сосема случајно. Сето тоа доведува до недозволено формализирање на оваа особено важна едукативна активност при која студентите ја „доживуват“ иднината на својата професија. Студентите се незадоволни од начинот на кој се третира и спроведува нивната пракса, и најчесто бараат начин како и на кој начин да ја избегнат, а сепак да добијат потребна „потврда“. ***Целта*** на овој труд е да го истакне значењето на студентската пракса, искуствата и мислењето на студентите за ова едукативна дејност и оспособеноста на теренските инструктори, кои имаат најважна улога на „патот од некомпетентниот, неквалификуван студент до создавање компетентен и квалификуван практичар“.

***Клучни зборови:*** *супервизија, супервизор, искуствено учење.*

## ВОВЕД

Студентската практика е значаен дел од едукацијата на студентите и треба да има вистинско место во образовната програма на секоја високо образовна институција, а особено во однос на квалитетот на организирање и реализирање на оваа програма. Меѓу повеќето фактори кои влијаат на квалитетот на студентската пракса, покрај проблемот на институциите и организациите да ги прифатат студентите и недоволниот број на ментори-инструктори, особено значајни се недоволната подготвеност и оспособеноста на професионалците кои се во улога на инструктори да ги водат и супервизираат студентите, недоволниот интерес на студентите за оваа активност и несоодветните програми подготвени од факултетите. Овие прашања кај нас, воопшто, не се поставувани, а со тоа на истите и не е побаран одговор.

Целта на овој труд е да ја истакне важноста на практиката во текот на додипломските студии како начин на воспоставување компатибилност помеѓу знаењата и способностите што се бараат во општеството и компетенциите што се стекнуваат во наставно-научнниот процес, како и улогата на супервизорот на „патот на кој од некомпетентниот, неквалификуван студент се формира компетентен и квалификуван практичар“.

## СУПЕРВИЗИЈА, СУПЕРВИЗОР, СУПЕРВИЗАНТ

Супервизијата како метод за усвојување професионални знаења почнала да се применува во Соединетите Американски Држави во подрачјето на социјалната работа пред скоро еден век, а во Европа оваа метода почнала да се развива половина век подоцна, поточно, педесеттите години на 20. век. Во земјите на просторите на поранешна Југославија, на основа на различни пристапи од другите Европски земји, пред неполни триесетина години, супервизијата почнала да се применува најпрвин во Словенија, а потоа во Хрватска. Тренирани супервизори од овие земји, во периодот по 2001 година, понудија свои услуги кај нас, како поддршка на професионалци од

помагателните професии. Тоа беше проект со кој се подготвија одреден број професионални супервизори (социјални работници и психолози) за поддршка на професионалци кои директно работеа со трауматизирани лица од воениот конфликтот во нашата земја. Денес супервизијата се прифаќа како професионална интервенција неопходна во професионалниот развој на оние кои непосредно работат со луѓе и начин за развојот на организацијата.

Во релативно богатата светска литература и покрај високата согласност на стручњаците за значењето на супервизијата, сè уште не постои единство во одредувањето на овој поим. Мунсон (Munson,1993), според Ајдуковиќ и Цајверт (Ajduković M., Cajvert, L. 2004), супервизијата ја одредува како интеракциски процес во кој супервизорот ја поддржува и насочува практичната работа на супервизираниот[1] ... при што супервизорот има значајна образовна, административна и поддржувачка функција. Харис (Harries, 1987) ја истакнува компетентноста и одговорноста на супервизорот во работата со супервизантите. Жорга (Žorga, 2003), супервизијата ја одредува како процес на специфично учење и развој. Многу други дефиниции ја истакнуваат супервизијата како интеракциски процес во кој супервизорот го подучува и поддржува супервизантот на патот кон усвојување на практични знаења во професијата за која се подготвува. Процес на подучување се развива во интеракција и дијалог со потребите на праксата, а супервизорот е лице кое е одговорно за процесот на подучување. Со оглед на големиот број одговорности, самото име „супервизор“ не ја одразува во потполност оваа улога кога станува збор за студентската практика, бидејќи задачата на супервизорот во оваа област е многустрана и опфаќа: подучување, следење, поддршка на студентите, завршна евалуација на работата на студентите на пракса, преговарање со факултетите за условите за прифаќање на студентите на пракса и потикнување на самиот процес на учење.

[1] Супервизор -оној кој подучува,следи и евалуира;
Супервизант -оној кој е подучуван,следен и евалуиран.

Во врска со процесот на искуствено учење, авторките Девис и Бедое (Davys & Beddoe, 2000), сметаат дека во рамките на наведените одговорности на теренскиот инструктор, сепак, најголемо е неговото значење во текот на формирањето од „некомпетентен, некфалификуван студент до компетентен, квалификуван практичар има, всушност, улогата на супервизорите. Истите авторки го опишуваат супервизорот како своевиден посредник чија задача е да ги синтетизира очекувањата на установата, факултетот и студентите.

## СУПЕРВИЗИЈА НА СТУДЕНТСКАТА ПРАКТИКА – искуства на студентите и супервизорите

Нашата цел е да го истакнеме значењето на студентската пракса во професионалната социјализација на идните стручњаци, искуството на студентите и нивното мислење и значењето на супервизорскиот удел на менторите во улогата на инструктори на студентите во обавувањето на нивната практична обука. Освен студентите и нивното искуство, значајно е и прашањето во врска со тоа како инструкторите ја прифаќаат улогата на супервизор, со кои проблеми се соочуваат, и како студентите го доживуваат првичното соочување со идната професија, карактеристиките, проблемите и предизвиците на професијата за која се подготвуваат. Бенефитот од праксата за студентите значајно зависи од подготвеноста на инструкторот во улога на супервизор да ги подучува, следи, поддржува и евалуира студентите во процесот на соочување и доживување на идната професија и себеси како иден професионалец во одредена област.

За елаборација на овие прашања користевме фокус групи со студентите и формални интервјуа со вработени кои биле во улога на ментори-инструктори на студенти на пракса.

Низ ораганизирани 8 фокус групи,во кои зедоа учество 71 студенти, дискутиравме за повеќе прашања во врска со практичната настава на студентите. Меѓу нив:

- за потребата од практична настава за време на студиите,
- прифатеноста на студентите во институциите,
- соодветноста на програмите за практична настава,
- задоволството од сознанијата и вештините за нивната идна професија кои ги добиваат во текот на обавувањето на праксата.

Основно прашање на кое студентите дадоа позитивен одговор е дека практиката во текот на студиите е неопходна и корисна за нив и доколку се спроведува на соодветен начин, ќе им овозможи поврзување на теоријата и праксата и стекнување на првични искуства за предизвиците на нивната идна професија.

Во однос на задоволството од приемот во инститициите, студентите изнесоа неколку значајни забелешки, во врска со несоодветната прифатеност во институциите и организациите, недоволниот број ментори-инструктори, недоволната подготвеност на менторите и најзначајно од сѐ, е дека не се задоволни од практичните сознанија кои ги стекнуваат за нивната идна професија.

Практичната работа, според нив е формализирана до тоа ниво, што сметаат тие дека се потребни коренити промени во реализацијата на практичната работа.

Времетраењето на практичната работа, кое е планирано со досегашните програми е недоволно, сметаат студентите.

Нашите сознанија од формалните интервјуа и дискусиите со вработени кои биле во улога на инструктори на студентите на пракса упатуваат на заклучокот дека тие се недоволно подготвени за обавување на оваа сериозна активност. Многу од нив само формално ја извршувале оваа задача која ја доживувале како дополнително оптоварување.

Според нивните изјави, тие не учествуваат во подготовка на програмите за студентската практика и се соочуваат со проблеми кои не се во доменот на нивната стручност. Тие ја истакнуваат потребата од нивна подготовка за оваа сериозна задача и поголема координираност меѓу институциите/организациите и факултетите.

## ЗАКЛУЧОК

Студентите и менторите ја сфаќаат важноста на практиката, но имаат и сериозни забелешки за истата. Покрај другите, како што се, недоволната координираност помеѓу факултетот и институцијата/ организацијата во која се изведува практиката, потребата од ревидирање на програмите и несоодветниот број ментори, е и прашањето во врска со супервизијата и подготовката на менторите-инструкторите како супервизори на студентите за време на нивната практиката. Тоа е еден од важните начини низ кој студентите ќе добијат соодветни знаења и вештини за нивната професија. Недоволниот број ментори и недоволната обученост на истите да ги водат и подучуваат студентите за професијата, го формализираат реализирањето на студентската практика. Тоа е и една од причините заради што, според нивното мислење, најголем број (преку 80%), студенти по дипломирањето се чувствуваат неподготвени и немаат основни компетентнции да ја почнат својата професија. Од друга страна, работодавците имаат потреба од кадар со повисоки компетенции за работното место.

Обучените супервизори ќе им помогнат на студентите во стекнување на знаења и вештини соодветни за професијата, а со тоа студентската практика ќе го добие своето вистинско место во образовниот систем.

***Општ заклучок***: Планирањето и спроведувањето на студентската практика има потреба од промени и надополнувања, подготовка на менторите подготовката на менторите-инструкторите како супервизори на студентите за време на нивната практиката како

еден од важните начини низ кој студентите ќе добијат соодветни знаења и вештини за нивната професија.

## ЛИТЕРАТУРА

(1) M.Ajduković&L.Cajvert, Supervizija u psihosocijalnom radu, Društvoza psihološku pomoć, Zagreb, 2004
(2) A.Davys & L.Beddoe, Supervision of students: A map and a model for the decade to come. *Social Work Education*, 19, (5), 437’449, 2000
(3) M. Harries,Social Work Supervision. Prema: T.Morrison (1993), Staff *supervision in social care,*. Brinhton: Pavilion Publishing, 1987
(4) C.Žorga, Supervision: The process of life-long learning in social and educational proffesions, Journal of Interprofessional Care, 16 (3), 265-276,2003

## Прилог

**Табела: Супервизија на студентите (прилагодена според Davys i Beddoe, 2000)**

| **Карактеристики** | **Супервизија на студенти** |
|---|---|
| Временска рамка | Неколку недели, во зависност од должината на студентската практика |
| Примарна цел | Да овозможи интегрирање на теоријата и практиката |
| Следење на работата | Непосредно следење и подготовка на задачите, активностите и резултатите |
| Проценување | Континуирана проценка во врска со специфичните цели на процесот на учење |
| Административна функција | Ограничена на специфични случаи на кои работи студентот |
| Функција на поддршка | Исклучително застапена |
| Едукативна функција | Нагласена и детална, фокусирана на идентификација и развој на знаења, вештини и вредности потребни за вршење на одредени задачи |
| Предмет на супервизија | Предметот на супервизија го одредуваат супервизорот во соработка со студентот |
| Одговорност | Одговорност кон институцијата, студентот , факултетот, професионалната заедница |